РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Уп1 Бр. 03-581

15.12 2014 година

С к о п ј е

Врз основа на член 20, став 1, алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), и Извештајот од редовниот надзор на програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво АРАЧИНА, Џавит ДООЕЛ, с. Арачиново, Арачиново, емитуван на 10 ноември 2014 година бр.10-6241/2 од 12.12.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради емитување на реклами што не се јасно одвоени од другите делови од програмата со звучни средства, од страна на Радиодифузно трговско друштво АРАЧИНА, Џавит ДООЕЛ, с. Арачиново, Арачиново, Директорот на Агенцијата на ден 15.12.2014 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Радиодифузно трговско друштво АРАЧИНА, Џавит ДООЕЛ, с. Арачиново, Арачиново, заради извршена повреда на член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14), односно емитувани се реклами без да се означат со звучни средства, на крајот од рекламниот блок или и на почетокот и на крајот од емитуваните рекламни содржини.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е (по наслов на емисија, почеток и крај на период на емитување и опис на прекршување) во Извештајот од редовниот надзор на програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво АРАЧИНА, Џавит ДООЕЛ, с. Арачиново, Арачиново, емитуван на 10 ноември 2014 година бр.10-6241/2 од 12.12.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Радиодифузно трговско друштво АРАЧИНА, Џавит ДООЕЛ, с. Арачиново, Арачиново, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

4. Ова решение е конечно.

Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23, став 1, алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, преку Секторот за програмски работи, на 10 ноември 2014 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на програмата/програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво АРАЧИНА, Џавит ДООЕЛ, с. Арачиново, Арачиново, при што со помош на системот на мониторинг констатираше дека спротивно на член 98 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво АРАЧИНА, Џавит ДООЕЛ, с. Арачиново, Арачиново, регистрирано е емитување на реклами што не се јасно одвоени од другите делови од програмата, односно емитувани се без да се означат со звучни средства, на крајот од рекламниот блок или и на почетокот и на крајот од емитуваните рекламни содржини.

Повредата од точка 1 став 1 од ова решение, специфицирана е (по наслов на емисија, период на емитување почеток и крај и опис на прекршување), во Извештајот од редовниот надзор на програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво АРАЧИНА, Џавит ДООЕЛ, с. Арачиново, Арачиново, емитуван на 10 ноември 2014 година бр.10-6241/2 од 12.12.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20, став 1, алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Извештајот од редовниот надзор на програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво АРАЧИНА, Џавит ДООЕЛ, с. Арачиново, Арачиново, емитуван на 10 ноември 2014 година бр.10-6241/2 од 12.12.2014 година, поради констатираното непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон Радиодифузно трговско друштво АРАЧИНА, Џавит ДООЕЛ, с. Арачиново, Арачиново, се презема мерка – опомена, со кое му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги**
**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Извештај од редовниот надзор на програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво АРАЧИНА, Џавит ДООЕЛ, с. Арачиново, Арачиново, емитуван на 10 ноември 2014 година бр.10-6241/2 од 12.12.2014 година,

**Доставено до:**

- Радиодифузното трговско друштво АРАЧИНА, Џавит ДООЕЛ, с. Арачиново, Арачиново;
- Управителот на Радиодифузното трговско друштво АРАЧИНА, Џавит ДООЕЛ, с. Арачиново, Арачиново;
- Одговорното лице на програмата во правното лице;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.